# Завршен годишен извештај за 2022 година

## Спроведени активности

*Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Република Македонија*

Ул. Коста Новаковиќ, 22а, Скопје

Тел/факс + 389 (0)2465 316
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

Скопје, Јануари 2023

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД**

1. **СЕРВИСИ ЗА ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК**
   - ***АЛО БУШАВКО - ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 070 390 632***
   - ***СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС/ПОДДРШКА ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ ДЕЦА***
2. **ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
3. **СТРАТЕГИЈА И АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПОДДРШКА НА ДЕЦА НА УЛИЦА/УЛИЧНИ ДЕЦА ВО ГРАД СКОПЈЕ**
4. **ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ДЕТСКА АМБАСАДА МЕЃАШИ**
5. **ЦИВИКА МОБИЛИТАС – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ, ДОНАЦИИ, ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ**
6. **ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**
7. **ПРОЕКТ „МОЖЕБИ СМЕ РАЗЛИЧНИ, НО СИТЕ СМЕ ТАЛЕНТИРАНИ“ - RDN2.0 МРЕЖА**
8. **ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ**
9. **УЧЕСТВА, ЈАВНИ ДЕБАТИ И ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ**
10. **ДЕТСКА НЕДЕЛА**
11. **РЕАКЦИИ, ДЕБАТИ, СООПШТЕНИЈА, ОБРАЌАЊА, ГОСТУВАЊА, ИНТЕРВЈУА…**

**ВОВЕД**

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ во 2022 го одбележа својот триесетгодишен јубилеј.

Да се обезбеди одржливост на една организација во нашево немирно и непредвидливо окружување е голем предизвик. МЕЃАШИ покажа дека е можно. Јасната визија, желбата да се одговори на потребите на децата и променливите потреби на другите корисници (наставен кадар, родители, институции...), споделените вредности, храброста, подготвеноста да се преземе ризик и посветеноста да се остварат целите, професионалноста и тимскиот дух ѝ  овозможија на организацијата секоја пречка да ја престори во можност, после секое забавување да забрза, од секој пад да стане посилна. Всушност, МЕЃАШИ докажа дека и во вакви услови една организација може константно да напредува и да се развива.

Денеска, МЕЃАШИ е синоним за правата и добробитта на децата кај нас. Со години, таа е една од организациите што граѓаните најмногу ја препознаваат и во која имаат највисока доверба. Бројни граѓански организации, мрежи, јавни институции, медиуми и компании од земјава и од странство препознаваат доверлив партнер во нас. Многумина ни велат „вие сте институција“.

Тоа нè охрабрува дека сме на добар пат и ни дава сила да продолжиме напред, водени од нашата **визија**: Поправеден свет за секое дете.

**Мисијата** на МЕЃАШИ е да ги застапува и заштитува правата на децата, да поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, да го зајакнува граѓанското движење за правата на децата и волонтерството, детското учество и да се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. МЕЃАШИ го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

**Мото** на организацијата е *„Сите идеали на светот побезначајни се од солзите на едно дете*“.

Пред вас е организацискиот описен Годишниот извештај за 2022 во кој ќе забележите силни организациски напори да се влијае на подобрување на состојбата на децата и младите во Македонија, но и дека за жал правата поврзани со добробитта, најдобриот интерес и правата на детето остануваат и понатака релативно ниско на агендата на државните институции. Свеста дека овие прашања се мултисекторски и мултидисциплинарни, односно прашања на поширока општествена промена, останува релативно ниска. Ова разбирање на државните институции се отсликува и во нивните политики и приоритети при распределба на јавните средства, така што за оваа намена во континуитет се одвојуваат помали износи во споредба со други општествени прашања.

Детската амбасада МЕЃАШИ и во 2022 продолжи активно да ги следи случувањата во државата во поглед на потребите на децата и родителите и излегуваше во јавност со реакции и осуди кога имаше нарушувања на правата на децата. Своите ставови ги претставувавме преку социјалните мрежи и чести објави и настапи на националните и локалните медиуми.

На поле на организацискиот развој е постигнат значаен напредок, што беше плод на заедничка работа на вработените, волонтерите и членовите на Собранието кое воедно игра значајна улога во управувањето на организацијата. Во 2022 година Собранието се сретна трипати, додека поединечните консултативни средби со членовите се одржуваа во континуитет. За отчетноста и одговорноста во работењето продолжи да се грижи надзорен одбор, составен од тројца членови.

Во 2022 во организацијата ни се придружија 12 нови волонтер(к)и, повеќето во работата на Ало Бушавко, а истите беа воведувани во работата и менторирани од стручни лица. Исто така, долгогодишната пракса на спроведување економски активности се прошири и бележи напредок за што ќе може да прочитате во овој извештај.

**Организациски вредности**

Во 2022 година Детската амбасада МЕЃАШИ продолжи да ги негува вредностите на кои се темели работата на организацијата. Да потсетиме на некои од нив:

**Мир и ненасилство.** Мир е активен концепт кој вклучува постојано делување, обновување на односи помеѓу спротивставени страни, воспоставување на општествен систем кој им служи на сите во заедницата, конструктивно (ненасилно) решавање на општествените конфликти итн. Ненасилството подразбира почитување на животот, активно и доследно залагање на ненасилни начини да се препознава и спречува насилството. За МЕЃАШИ мирот е поширок концепт од отсуство на војна или вооружени конфликти. Меѓаши работи на намалување на она што предизвикува, директно или индиректно, разни облици на неправди и насилство во општеството, ја негува моќта на соработката и ги зајакнуваа и поттикнува луѓето на дејствување.

**Партиципацијата** (учество, вклученост) подразбира децата и возрасните да имаат можност да учествуваат во одлучувањето за прашања кои се од нивен интерес. Децата имаат право да добијат поддршка за да учествуваат во одлучувањето. На ниво на организацијата, вклучувањето на децата во планирањето на работата и спроведувањето на активности е од клучно значење.

**Принципот на еднакви можности** значи дека сите деца треба да имаат еднаков пристап до придобивките од општествените, економските, политичките и техничко-технолошките промени и развој. МЕЃАШИ придонесува за создавање и подобрување на општествените механизми за обезбедување еднакви можности, без каква било дискримација.

**Не постои проблем за кој не постои решение.** Иницијативноста подразбира да се согледаат тековните или предвидат идните предизвици и да се понуди одговор што предизвиците ќе ги престори во можности. МЕЃАШИ знае дека може и дека нема невозможно. Нема страв, има храброст; нема чекање, има водство и креативност. МЕЃАШИ е истрајна организација со претприемачки дух и способност да преземе ризик.

**Партнерството** подразбира соработка заснована на заедништво, солидарност, взаемна почит и поддршка, споделување на целите и доверба. Големите општествени промени бараат заеднички ангажман на различни општествени чинители. МЕЃАШИ е подготвена да иницира сопствени и да поддржува иницијативи на други чинители кои целат кон подобрување на добробитта на децата. Во рамките на самата организација, партнерството е засновано на организациските вредности, професионалност и стремеж за личен и професионален развој и подразбира тимска работа.

**Волонтерството** подразбира поддршка на волонтирањето во активности за заштитата на правата на децата. Сите поединци и општествената заедница во целина имаат право, но и обврска да придонесуваат во заштитата и унапредувањето на правата на децата.

**Отчетноста и одговорноста** подразбираат можност за јавна проверка, отвореност на работењето и домаќинска грижа за сопствената општествена улога. МЕЃАШИ е пример за отчетна и одговорна организација, што ѝ дава кредибилитет на организацијата да ги унапредува овие вредности во општеството.

**Непартизираност.** МЕЃАШИ иницира, развива и предлага јавни политики во интерес на децата, но со своето работење не влијае на партиското определување на кое било лице во или надвор од организацијата и придонесува за намалување на дискриминацијата врз основа на партиската припадност. Затоа непартизираноста на една граѓанска организација означува и избегнување на директно и индиректно влијание на било кој/а од вработените во оперативната канцеларија во креирање на политики на организацијата под влијание на било која политичка партија. Непартизираноста на Мећаши помага во иницирање, развивање и предлагање јавни политики во интерес на децата.

# 1. ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА ВО РИЗИК

## 1.1. Ало Бушавко - телефонска линија за поддршка на деца и млади 070 390 632

**Траење**: од 1993. во континуитет

**Резиме на наодите од работата на СОС-телефонот во 2022 година**

И оваа измината 2022 година Ало Бушавко-телефонот многу често ѕвонеше. И покрај тоа што бројот на деца кои нè контактираа не е голем колку што посакуваме, сепак споредено со минатите две години се забележуваат поголем број деца и млади кои директно не контактираат. Тимот на Ало Бушавко и понатаму продолжува со напорите и активностите за охрабрување на децата и младите да се јават за да се информираат или за да пријават прекршување на нивните права. Продолживме со пренасочување на повиците и притоа не направивме никаков прекин во давањето на нашите услуги и 24/7 достапност.

Минатата година беше по неколу параметри посебна. После две години вонредна состојба предизвикана од пандемијата со Ковид-19, карантин, затвореност, социјална изолација, онлајн настава, чувства на паника, страв, загриженост, 2022-ра беше обид да се вратиме на поранешните животни навики. Сето ова влијаеше на менталното здравје на целата популација, а децата и младите како пoранлива категорија од возрасните последиците од негативните ефекти од пандемијата ги почувствуваа на штета на нивното ментално здравје. За жал, 2022 година ја обележаа повеќе немили настани, вклучително и трагичниот случај на изгубен живот на средношколец, кој одлучи да го прекине својот живот пред самиот почеток на учебната година 2022/2023 г. Размерот во кој овој настан резонираше и ефектите што ги предизвика пред се меѓу децата и младите за жал ниту стручната јавност ниту пак надлежните структури не ги аморитзираа ниту се направија напори да се испитаат условите, можните чинители за повторна појава на слични случки за да може да се направат стратегии за превенција од нив. Напротив, на овој стресен настан се надоврзаа најавите на поставени бомби во повеќе средни училишта низ градот, тренд кој за жал се до моментот на подготовка на овој извештај (февруари 2023 година) трае. Сето ова придонесува кон креирање голем број стресори за менталното здравје и зголемување на ранливоста на сите, но особено на децата и младите.

Не случајно во таков општествен контекст, после повеќе годишно појавување како прва причина за пријавување проблеми со остварување на правото на контакт или средби на децата со разведени родители и непочитување на решението од Центарот за социјални работи, на прво место на проблеми или причини заради кои се јавиле на Ало Бушавко во иаминатата година да бидат последици од нарушено ментално здравје на децата, дури 35% од вкупните случаи, а тоа значи дека секое трето дете има наршено ментално здравје. Меѓу причините за ваквата состојба дополнително придонесуваат и секако нарушените родителски односи и овој проблем сепак останалмеѓу првите три места во категоријата проблеми. Одржувањето на менталното здравје е подеднакво важно како за возрасните, така и за децата. Бракоразводните постапки и несогласувањата меѓу родителите на децата се во најголем број причини за детската вознемиреност и страв. Исто така, вознемиреноста кај децата може да се јави и како резултат на големи промени во нивниот живот, како преселба во нов дом, живеење со само еден родител, менување на училиштето и сл. Поради овие причини, категоријата ментално

здравје со 35% застапеност котира на високото прво место за извештајната 2022 година на АлоБушавко – телефонот за деца и млади.

Податоците говорат дека прекршувањата на правата на детето при бракоразводна постапка е еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат децата и нивните семејства, а ова ни укажува на фактот дека потребно е подобро и поквалитетно регулирање на семејните односи и поголемо внимание и поддршка од страна на надлежните институции со цел да се превенираат дополнителни кршења на детските права. Воедно, застапени се проблемите кои се јавуваат при доделување старателство, како и исплаќање на алиментација. Покрај правото на детето за остварување контакт или средби со едниот од родителите, имаме дојави и за прекршени права на детето за контакт со лица од поширокото семејство (бабата, дедото, тетка, чичко...).

Насилството и понатаму претставува реалност за децата во Македонија. Податоците од извештајот покажуваат дека многу деца се во ризик од насилство особено од меѓуврсничко насилство со што се влијае на нивниот оптимален психофизички развој. Телесното казнување сè уште доминира како начин за воспитување на децата, покрај психолошката трага што тоа ја остава врз децата за цел живот.

Во однос на другите облици на насилство, емоционалното насилство за оваа 2022 година котира високо на првото место како причина за зачестеност на повиците од оваа категорија. Навидум невидливо но е еднакво опасно како и сите други облици. Спектарот на емоционална злоупотреба е широк, а се случува кога за детето не се води грижа, не се поттикнува на развој, се запоставува, се отфрла, се игнорира, се присилува, се казнува, се спречува да се поврзе со други луѓе од неговото опкружување... Исто така, емоционална злоупотреба е и кога детето е сведок на физичко или друг вид насилство. Во овој годишен извештај иако во мал број во споредба со останатите подкатегории не е исклучена ниту сексуалната злоупотреба на децата.

Животните перспективи на децата во Македонија се засегнати заради изложеноста на сиромаштија. Голем број деца со своите семејства живеат на работ на егзистенција, при што нивните детски права се сериозно загрозени. Кога зборуваме за суштински потреби, зборуваме за изложеноста на несоодветни услови за живот кои го попречуваат оптималниот раст и развој на децата. Сиромаштијата им штети на децата и преку негативните ефекти врз нивните семејства со тоа што на децата не им се посветува доволно внимание од страна на родителите кои се приморани да работат по неколку работи и децата често се принудени на питање, со што се зголемува можноста да станат жртви на најтешките форми на злоупотреба. Од друга страна, за жал децата поттикнати од сиромашните услови излезот најмалку го бараат во образовниот процес, и токму од таа причина се лишени од соодветно образование.

**Графикон 1: Број на дојави, дополнителни советувања и број на опфатени деца во нив**




Во овој дванаесетмесечен период комуникацијата со дојавувачите во најголем број беше остварена преку административниот (фиксен) и/или мобилниот број на Детската амбасада Меѓаши 070 390 632, поточно примени се **283** дојави преку еден од овие два броеви. Преку е-пошта во овој период примени

се **42** дојави (во графикон 2 прикажано под „емил“), **19** дојави се примени на ФБ-страницата, **6** дојави се примени по пошта**, 3** дојави се поднесени со лично присуство во просториите на Меѓаши (во графикон 2 прикажано под „Меѓаши“), додека 4 дојави се примени преку чет опцијата на веб страницата alobushavko.mk (во графикон 2 прикажано под „АЛОБУШАВКО“).

**Графикон 2. Дојави според канал на комуникација**




Дојавите за извештајната 2022 година се однесуваат на проблеми во кои биле засегнати 139 машки, 134 женски деца, а за 177 деца не е познат полот .

Според средината на живеење на јавувачите, најголемиот број од децата или 417 живеат во урбана средина, 3 деца се опфатени со дојавите од дојавувачи кои живеат во рурална средина, непозната е средината на живеење на 30 деца кои се опфатени со дојавите. Бројот на јавувачите од руралните средини, како и во претходните години, останува многу мал во однос на бројот на јавувачите од урбаните средини.

Во однос на етничката припадност на јавувачите, како што се гледа од графиконот, **291** од вкупниот број јавувачи се Македонци, додека пак **10** Роми, а **45** јавувачи се од албанска етничка припадност. Само **1** од контактите (дојавите) се од јавувачи во останати (етнички групи) и за **10** лица не е позната етничката припадност.

Во однос на причините заради кои ни се обратиле на Ало Бушавко, забележуваме дека застапени се сите четири теми – ментално здравје, повреда, семејни односи и пристапност а во поретки случаи има и други причини за дојава.

Во рамките на првата тема – ментално здравје, најголем дел од случаите се однесуваат на емоционална вознемиреност – проблеми со гнев, страв и вознемиреност, проблеми со расположение кои се јавуваат како последица од другите категории на проблеми пријавени на АлоБушавко.

Во рамките на втората тема – повреда, поголем дел од случаите се однесуваат на проблеми од категоријата на ментално/емоционално насилство, физичко насилство и занемарување (негрижа).

Во третата тема – семејни односи, случаите се однесуваат на проблеми и прекршување на правата што спаѓаат во категоријата семејни односи.

Во рамки на четвртата тема – пристапност, има опфатено повеќе категории проблеми и тоа: пристап до образование, основните (суштински) потреби што не им се достапни на децата и проблеми со пристап до здравствена заштита, неможноста да се добие потребната медицинска помош, неопходна здравствена заштита.

Во продолжение даден е графички приказ на најчестите категории проблеми заради кои се јавиле корисниците на телефонот за деца и млади, а потоа и подетален приказ на сознанијата. Како што може да се види од графиконот, најчеста причина за јавување е проблем што се однесува на ментално здравје (35 % од сите контакти), потоа повреда (25%), семејни односи (17%), па пристапност (12%). Со помала застапеност учествуваат и категориите на проблеми поврзани со училиштето (7%) и дискриминација и ексклузија (3%). За категориите Физичко здравје и Сексуалност нема пријавени случаи, додека категоријата Исчезнати деца е застапена со 11% од вкупниот број на добиени случаи за 2022.

**Графикон 3: Категории проблеми пријавени во дојавите**




**Преземени активности**

Во овој 12-месечен период во најголем број беа преземени интервенции на обезбедување директна помош или поддршка на случаи во кои се засегнати 88 деца. Освен директната помош, дадени се препораки во случаите кои се однесуваат на 292 деца и млади, дадени се информации за контакт на соодветната институција во кои се опфатени 124 деца, потоа 64 деца или млади беа упатени до други организации или институции, додека 62 деца се упатени до агенции/институции надлежни за спроведување на законот. Најчесто, случаите беа упатувани до следните служби и институции во зависност од проблемот за кој се јавиле:

- до стручните служби во училиштето;
- во агенција (институција) за заштита на децата во земјата;
- до различни здравствени работници и други организации со кои соработуваме;
- до агенциите за спроведување на законот во земјата;

Во текот на постапувањето и давањето поддршка на децата, тимот на АлоБушавко -телефонот за деца и млади соработуваше со центрите за социјална работа од Скопје и другите градови, Народниот правобранител, Секторот за внатрешни работи, училишта, Здружението на млади правници, Коалицијата за правично судење и други чинители и организации заради давање подобра и поефикасна поддршка на јавувачите. Во текот на оваа година продолжи блиската и успешна соработка со скопскиот Центар за социјална работа и со нивниот Интервентен тим во повеќе наврати. Дојави што се однесуваа на насилство врз деца, родителска несоодветна грижа, непостапување според издадено решение за остварување контакт или средба со родителот по развод, се дел од успешните примери за кои заедно со Народниот правобранител успеавме да го подобриме остварувањето на правата на повеќе деца.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ СПРОВЕДЕНИ ОД ТИМОТ НА АЛОБУШАВКО - ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ВО ТЕКОТ НА 2022 ГОДИНА

**Кампања за Промоција на детските права и АлоБушавко – телефонот за деца и млади**

Детската амбасада Меѓаши во текот на 2022 година спроведе кампања во основните и средни училишта за промоција на детските права која траеше во текот на целата година. Кампањата се реализираше комбинирано, преку онлајн работилници на платформата ZOOM со интерактивно учество на децата преку гледање слики и видеа за училиштата низ цела Македонија и со физичко присуство во училиштата или во просториите на Прва детска амбасада во светот Меѓаши за основните и средни училишта на територија на Град Скопје. Работниот јазик при реализација на работилниците е: Македонски и Албански, а темите кои беа опфатени се поврзани за: живот, образование и родители.

Со кампањата беа опфатени повеќе од 1000 ученици и тоа во неколку градови: Скопје, Велес, Штип, Прилеп, Струга, Дебар, Битола, Гостивар.

Работилниците беа одржани од страна на следниве волонтерки/волонтери: Емине, Иларија, Викторија, Марија, Емира, Десислава, Даниел, Тарик, Вероника, Софија, Стефани, кои вложија голем труд и покажааа голема мотивираност и желба да се промовираат детските права, а воедно и да се подигне свесноста кај децата и младите за проблемите кои следуваат од прекршување на истите. Процесот и текот на кампањата беше под менторство на Гордана П. Змијанац (в.д директорка и основач на ПДАС Меѓаши), Јорданка Ч.Трајкоска (психолог и проектен коодинатор) и Клементина Добревска (психолог и координатор на АлоБушавко).




Целта на оваа кампања е запознавање на децата и младите со нивните права, и отворање на прашањата колку од нив се запознаени и го разбираат нивното вистинско значење. Но најважен акцент се става на прашањето: Колку овие права се почитувани од врсниците во пракса? Дополнително, една од целите на кампањата е презентирање на АлоБушавко – телефонот за деца и млади, каде што беа разгледани следниве прашања: Зошто е потребен телефонот, принципот на работа и кој стои зад АлоБушавко-телефонот за деца и млади, како едни од најскокотливите прашања кои будат дилеми кај најмладите.

Не помалку значајно беа промовирани комуникациски канали на АлоБушавко меѓу кои и ново-лансираната веб страница alobushavko.mk која нуди содржини од интерес за младата популација, но и за родителите и наставниот кадар.

**Посебна благодарност** упатуваме до сите што ни укажаа доверба и поддршка изминатата година, јавувајќи се и споделувајќи ги со нас нивните грижи, дилеми и прашања. Неизмерно им благодариме и на нашите минати и сегашни волонтери и волонтерки за нивното одвоено време кое го посветуваат во работењето на АлоБушавко-телефонот за деца и млади. Ви благодариме за целокупната помош,

секогаш ја цениме вашата соработка, посветеност и несебична заложба, времето, енергијата, вештините и знаењето што го посветивте на оние кои имаат потреба од поддршка!

Погледнете го целиот извештај!

**1.2. Социјален сервис/поддршка за ранливите групи деца**
Во 2022 година социјалниот сервис продолжи во континуитет со поддршка на деца и семејства кои се во социјален ризик (над 100 деца), обезбедувајќи и понатака за нив second hand облека и обувки, храна и хигиенски материјали. Голем број граѓан(к)и и понатака донираат носена облека, чевли и останати потребни но сочувани работи, во просториите на Меѓаши. Децата и нивните родители кога имаат потреба од ваков вид помош доаѓаа/т секој работен ден во периодот од 9:00 до 13:00 часот да си подигнат тоа што им е потребно.

## 2. ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Назив на проектот/програмата:** програма за Мировно образование

Мировното образование или образованието за МИР, денес, во време на глобална криза и несигурност, буди сè поголем интерес. Тоа промовира знаења, вештини и ставови кои можат да им помогнат на луѓето да ги трансформираат конфликтите на мирен начин, да градат поправедни општества, а во срединиte каде што живеат да создадат услови за позитивен мир.

Мировното образование е вредносно втемелено. Клучните вредности на мировното образование, како ненасилството и социјалната правда, се темел за посакуваната општествена промена за почитувањето на човековите права и за градење на довербата.

**Цел:** Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

Целна група: проектот најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје: гимназија: "Никола Карев", ГУЦ "Здравко Цветковски" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов". Во текот на 2013 – 2021 ја проширивме оваа програма во нови средни училишта во/и надвор од Скопје, во Виница СОУ “Ванчо Прке”, Скопје СУГС „Владо Тасевски„ СУГС „Арсени Јовков„ и СУГСГИМ “Зеф Љуш Марку” како и во средните училишта ЦСНО „28 Ноември” – Дебар, СОУ Гимназија „Кочо Рацин„ – Велес, СОУ Гимназија „Гостивар„ како и СЕУ – Гостивар, „Шаип Јусуф” од Скопје. Во текот на 2022 на програмата се приклучија училиштата СУГС „Марија Кири Склодовска“, СУГС „Цветан Димов“, СУГС „Георги Димитров“, СУГС „Владо Тасевски“, сите од Скопје.

И покрај тоа што Програмата за мировно образование пред се е фокусирана во средните училишта, од Дебар и Виница се приклучени и детските градинки ЈОУДГ "Брешиа",Дебар и ЈОУДГ "Гоце Делчев ", Виница и основните училишта ОУ„Славчо Стојменски“-Виница и ОУ „Пенестија“, Дебар, со цел да може да се следи промената која настанува во случај на приклучување и едуцирање на децата од предшколска возраст до средно образование со вредностите на Мировното образование. Но, освен овие основни училишта во Програмата за мировно образование се прикчучени и неколку основни училишта од Скопје и другите градови како и ученички домови.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2011- 2023 година.

**Донатор:** Германското федерално министерство за економска соработка и развој.
**Партнерска организација:** KURVE WUSTROW



## 2.1. Едукации за наставен кадар

Во текот на 2022 година беа организирани различни едукации за наставен кадар, како со физичко присуство, така и онлајн. Темите на едукациите беа избирани врз основа на увидот на тимот за тоа кои теми се потребни, но и според желбите и барањата на самиот наставен кадар.

Одржани се шест тренинга, основни и напредни тренинзи за градење мир, но и тренинзи на конкретни теми како што се правата на децата и форум театар. Што се однесува до работилниците, беа одржани две работилници, една онлајн на тема комуникација и една со физичко присуство на тема инклузија. Исто така, беа спроведени шест вебинари, иако обуките со физичко присуство беа повторно организирани во целосен обем.

За постојаниот интерес за програмата покажува и тоа што во текот на годината, наставниците и раководните структури од повеќе училишта неколкупати бараа информации за одржување на основен тренинг за градење мир и за можноста за вклучување на нови луѓе во програмата. Овие прашања најчесто беа поставени заради потребата од зајакнување на капацитетите на тимовите кои моментално работат во училиштата, или пак заради вклучување на нови членови по препораката на наставниците/чките вклучени во програмата.

### 2.1.1. Основен тренинг за градење мир и мировно образование



Од 10-13 март организиравме Основен тренинг за градење мир и мировно образование. Главната цел на обуката беше учесниците/чките да се запознаат со основните концепти за мировно образование.. На обуката присуствуваа вкупно 20 учесници од Скопје, Дебар, Гостивар, Виница и

Струмица. Групата ја сочинуваа професори/ки од новите училишта кои се приклучија на Програмата за мировно образование, но и професори/ки од веќе вклучени училишта, за да можат да ги поддржат и зајакнат капацитетите на постоечките тимови во училиштата.

Програмата беше дизајнирана да опфати теми како: комуникација, тимбилдинг и тимска работа, насилство, конфликти итн

**2.1.2.Тренинг Форум театар** на тема: насилство.

Форум театар тренинг за прв пат беше спроведен со професори/ки од различни средни училишта  (Гостивар, Скопје, Дебар, Велес). Во процесот на подготовка, професорите/ките споделија голем број лични примери на насилство, вклучително и структурно, психолошко, вербално и социјално насилство каде што биле сведоци или жртви. Потоа, избраа два случаи/етиди за јавна претстава на Форум театар. Избраните теми/случаи не беа меѓу најтешките кои беа споделени, но тие се најрепрезентативните и јасно го отсликуваат секојдневието во многу училишта. Темите избрани како вообичаени опфаќаа злоупотреба на моќта на раководните структури во училиштето, (политичката/партиската моќ што ја имаат поради припадност на политичката партија која е на власт), мобинг, вербално и психичко насилство, исклучување од група итн. Оваа активност беше спроведена во соработка со Владимир Караев и Љупка Ристовска од партнерската организација Рубикон.




Четири Форум театарски претстави беа изведени - 20.04.2022 година во Театарот за деца и младинци во Скопје, 03.06.2022 година во Кино Милениум во Скопје, 28.06.2022 година во Бизнис инкубаторската сала во Берово и 13.12.2022 година во ОУ„Дедо Иљо Малешевски“ во Берово

*Форум тетарот уште попознат како Театарот на угнетените претставува креативна форма на партиципативен театар кој создава можности за дискусија на теми што може да се карактеризираат како емоционално набиени и дава простор за креативно решавање и поинакво видување на проблемите. Темите што се разработуваат се од реалниот живот и пракса и се претставени преку куси етиди/пиеси по кои следува интеракција со публиката.*



### 2.1.3. Напредни тренинзи за градење мир и мировно образование

„Напреден тренинг за градење мир и мировно образование“ беше организиран двапати, првиот во термин од 23 до 27 август а вториот од 28 септември до 1 октомври. Главната цел на тренинзите беше да се зголеми знаењето за мировното образование, почнувајќи од личното ниво на интроспекција, од себе си кон другите, да се зголемуваат капацитетите за препознавање на (не)видливото насилство во општеството, да се размислува за адекватни одговори на нив, како и да се открива што води кон мир и помага во работата за мир и мировно образование. Фокусот на обуката беа темите: дискриминација, човечка безбедност, конфликти, соработка, патријархалност, мировно образование.

### 2.1.4. Тренинг „Застапување за правата на децата и улогата на Народниот правобранител“ 1 и 2

Два тренинга на тема „Застапување за правата на децата и улогата на Народниот правобранител“ беа одржани, првиот од 9 до 12 ноември, а вториот од 24 до 27 ноември 2022 година.

Обуките имаа за цел надградба на капацитетите на наставниот кадар во областа на правата на децата, запознавање со улогата на Народниот правобранител, зголемување на вештините за застапување за интересите на децата пред медиумите и институциите, Ало Бушавко и неговата улога како и запознавање со најновите препораки на ООН Комитетот за правата на детето, со посебен осврт кон препораките од областа на образованието.

На обуките исто така беше спроведено и планирање на училишните активности во рамките на Програмата за мировно образование до крајот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година.

### 2.1.5. Работилници

**Работилница** - На 19 февруари, се одржа онлајн работилница на тема **Комуникација**, со група учесници/чки кои учествуваа на тренингот за градење мир и мировно образование во декември 2021 година. Работилницата беше планирана да биде комплементарна со програмата од тренингот и да придонесе кон конкретни отворени прашања од тренингот поврзани со ненасилната комуникација како тема**,** на работилницата се работеше на техниките на ненасилна комуникација како Јас - говор, но и на тоа што придонесува код подобра комуникацијаа воопшто.

**Работилница** -На 31 август во Скопје се одржа работилница на тема **Кукли со фокус на инклузија**. На работилницата се разговараше за повеќе аспекти поврзани со темата – важноста на прифаќање на различностите, вредностите и пораките кои ги пренесуваат играчките, како овие или слични играчки би можеле да придонесат за сензибилизирање на децата за различностите итн.

По повод 30-годишнината на Меѓаши, беа донирани 30 кукли со фокус на инклузија на градинките и основните училишта со кои Меѓаши соработува во рамките на програмата за Мировно образование но и на други релевантни институции како Колектив Ветерница.



### 2.1.6. Вебинари

Во 2022 година беа одржани шест вебинари, на следните теми:

- 18 јануари „Моќ, промени и трансформација“ (форми на моќ, видови на промени, значење на трансформација, клучни идеи за правење промени водени од луѓето)

- 25 јануари „Ненасилни акции и промени“ (видови ненасилни дејства, принципи и механизми за работа на ненасилни и ненасилни дејства)

- 8 февруари „Интелигентни групи и лидерство“ (столбови на групна ефективност, мотивација, лидерство, простори)

- 24 март „Рефлексија на војната во Украина од перспектива на градење мир“ ( искуства од војната во Украина и дилемите со кои се соочуваат мировните активисти за време на војните).

- 31 март „Говорот на омраза и што можат наставниците да направат за да го надминат? (лични мислења и искуства, конкретни предлози што може да се направи во вакви случаи, како да се работи со децата и младите на ова прашање).

- 29 декември „Да се сретнеме себеси во пресрет на Новата година“ (развивање на свесност за грижа за себе, стратегии за практична грижа за ментално и физичко здравје и благосостојба)



## 2.2. Соработка со институции, Министерство за образование и наука (МОН) и др.



Во 2022 година продолжи добрата соработка и редовните контакти со Министерството за образование и наука. Беше обновен Меморандумот за соработка и беа одржани пет работни средби на Координативното тело за мировно образование. Членовите на Координативното тело од МОН/БРО/ДПИ, како и Заменик министерот за образование и наука присуствуваа на Втората мировна средба, на дел од обуките за Мировно образование како и на претставата Форум театар. На состаноците на Координативното тело се разговараше за меморандумот за соработка, можностите и модулите за мировно образование во формалните наставни програми, за вклучување на нови членови во Координативното тело, а беше донесена и нацрт верзија на деловникот за работа на Координативното тело. Посебно внимание беше посветено на соработката во доменот на спроведувањето активности согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, член 34, во делот на воведување содржини во наставните програми кои промовираат ненасилна разработка на конфликти, почитување на различностите, како и почетна и континуирана едукација на воспитно -образовните кадри во таа насока.
Дополнително, во однос на соработката со институциите, претседателот на Меѓаши и членка од тимот на МО учествуваа како говорници на собраниската седница на Комисијата за односи меѓу заедниците на тема „Говорот на омраза како валута на национализмот: институционален одговор на РСМ, со посебен акцент за амбивалентната улога на образованието и справувањето со говорот на омраза и национализмот преку образованието“.

## 2.3. Тимбилдинг активности



Во текот на 2022 година, тимот на Мeѓаши почна да се враќа во состојба како што беше пред Ковид.

Работилницата за градење тим на тема „30 години Мeѓаши – МИНАТО, СЕГАШНОСТ и во ИДНИНА“ беше конципирана тимот да може да ги сумира

достигнувањата во изминатите 30 години и да создаде визии за иднината.

Работилница за вредностите на организацијата беше спроведена за тимот на Меѓаши, од организацијата Capacity2Grow, врз основа на методологија развиена на Универзитетот во Брајтон, со цел да им се помогне на организациите да ги идентификуваат и артикулираат заедничките вредности (оние етички вредности кои се важни за организацијата). Во документот изработен по работилницата, за работата на Меѓаши, како особено важни се издвојуваат следните вредности и принципи: посветеност на децата и нивната благосостојба, одговорност, чесност, искреност, колегијалност, професионалност, иницијатива, солидарност, инклузивност, отвореност, ненасилство, поддршка, сопствен пример, искрена поддршка за визијата и мисијата.



Во октомври 2022 година две членки од тимот на МО учествуваа на тренинг на тема „Непристрасност и социјална инклузија"(Anti bias and social inclusion) во Вустров, Германија, организиран од Курве Вустров, партнерската организација на Детска амбасада Меѓаши. Тренингот беше од меѓународен карактер и присуствуваа учесници и учеснички од различни места. Во текот на петдневниот тренинг се дискутираше за предрасудите, стереотипите, дискриминацијата, освестување и ненасилно разрешување, градење мир и социјална инклузија.

Три членки на тимот на МО учествуваа на работилница за грижа за себе организирана од Курве Вустроу- партнерската организација на Детска амбасада Меѓаши од Германија, предводена од две обучувачки од организацијата Медика Косово. Обуката беше посветена на прашањата за грижа за себе, комбинирајќи индивидуален пристап и знаење од психологијата и организациски пристап од искуството на Медика Косово и други организации. Оваа работилница за учесничките од Детската амбасада МЕЃАШИ беше многу значајна и стимулирачка за понатамошна грижа за себе и на организациско ниво.

Работилницата „Крај на годината" за тимот и волонтерите на ПДАС Меѓаши беше организирана со намера подобро запознавање и да се зајакне врската помеѓу работниот тим на Меѓаши и волонтерите кои беа активно вклучени во минатогодишните активности на организацијата. На работилницата беа сумирани и постигнувањата во изминатата година и поставени цели за следната 2023 година.

Во однос на организациските структури и практиката се врши подготовка и следење на документите согласно Законот за заштита на личните податоци.

### 2.1.Активности во училиштата

Активностите во училишта во текот на годината беа различни, во зависност од интересите на учениците и конкретните проблеми во самите училишта или заедницата. Посебно за Меѓународниот ден на мирот, 21 септември, беа изведени многу различни активности индивидуално но и во соработка меѓу две или повеќе училишта, а благодарение на



вмрежувањето на обуките, новоприклучените училишта изврших и заеднички активности со други училишта. Скоро сите активности беа спроведени во отворено (училишен двор, улици или плоштади) со цел пораките за градење мир да стигнат до поголем број ученици/чки и други луѓе како и актуализирањето на овој значаен ден. Активностите беа покриени од локални и национални медиуми во сите Дебар, Гостивар, Скопје, Велес, Виница, Македонски Брод..




## 3. СТРАТЕГИЈА И АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА И АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПОДДРШКА НА ДЕЦА НА УЛИЦА/УЛИЧНИ ДЕЦА ВО ГРАД СКОПЈЕ

Правата на децата подразбираат многу аспекти вклучувајќи право на семејство и родители, идентитет, физичка заштита, образование, здравствена заштита, заштита на граѓанските права на детето, слобода од дискриминација врз основа на раса, пол, сексуална ориентација на детето, национално потекло, религија, инвалидитет, боја, етничка припадност или други карактеристики, како и низа други права. Градот Скопје се надеваме дека сериозно ќе им приоѓа на проблемите поврзани со правата на децата и е решен да ја овозможува и поддржува примената на Конвенцијата за детски права на својата територија.

Имајќи предвид дека Националниот план за акција за правата на децата (НПАПД) кој беше донесен во 2005 и ревидиран во 2012 година истече во 2015 година, при што нов акциски план не е изготвен, Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ во соработка со Центар за интеграција и поддршка на граѓани (SIEC) сметаа дека треба да биде адресирано ова прашање и го спроведоа проектот „Стратегија и Акциски план за унапредување на правата на децата и Акциски план за поддршка на деца на улица/улични деца во Град Скопје“. Проектот беше поддржан од Град Скопје, Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година и Амбасадата на Република Словачка, кој ќе

му овозможи на Град Скопје да го трасира патот кон создавање поправеден свет за секое дете!

Општата цел на проектот е да придонесе за унапредување на правата на децата во Град Скопје со посебно внимание на децата на улица, да овозможи целосна имплементација и промоција на Конвенцијата за правата на детето, со посебен осврт на стратешки горливиот проблем на градот: децата на улица. Проектот исто така има за цел да ја реализира визијата на Град Скопје како град по мерка на децата. Оттаму во рамки на проектот беше развиена стратегија и механизми со кои во следните пет години ќе се овозможи поцелосна имплементација и промоција на Конвенцијата за и ќе се применуваат стандардите на истата. Проектот се спроведе во периодот мај-ноември 2022 година, а нацрт Стратегијата беше додставена до Градот во ноември 2022 година.

Стратегијата е подготвена водејќи се од потребите констатирани низ анализите кои беа изработени како дел од проектот, како и врз основа на мислењата и предлозите кои беа прибрани низ широк консултативен процес во кој беа вклучени сите релевантни чинители.

На почетокот беа направени две сеопфатни истражувања. Првото беше истражување за правата на децата кое имаше за цел да ја утврди моменталната состојба на почитување на правата на децата во Град Скопје, а беше реализирано преку анализа на правна и институционална рамка, анкета со деца и интервјуа со локални чинители. Второто истражување се однесуваше на децата на улица на територијата на Град Скопје и имаше за цел да ја констатира фактичката состојба со децата на улица, а беше базирано на анализа на статистички податоци, голем број документи, публикации и научни трудови кои се поврзани со социјалната поддршка на децата на улица, анкета со родители на деца на улица, партиципативно набљудување на децата на улица и студии на случај.

Од клучно значење беше во процесот да бидат вклучени сите засегнати страни, заради што веднаш на почетокот на проектот беше формирана работна група која се состои од претсавници на повеќе институции и установи како на национално така и на локално ниво, вклучувајќи повеќе министерства, Народен правобранител, училишта, повеќе сектори во Градот Скопје, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје, како и граѓански организации кои работат на овие теми. Работната група зема активно учество во сите фази на проектот, од истражувањето до самото изготвување на Стратегијата и акциските планови и во континуитет обезбедуваше советување, неопходни податоци и насоки во сите фази на процесот. Работната група реализираше две средби и една тридневна работилница. Првиот состанок, конститутивен, беше одржан на 20 мај 2022 година, на кој беше претставен проектот, очекувањата од работната група, динамиката и временската рамка. Вториот состанок се одржа на 28 октомври 2022 на кој беа презентирани и дискутирани наодите од двете истражувања. Во период од 14 до 16 ноември 2022 година во Кочани се спроведе работилница за стратешко планирање во која работната група преку партиципативен пристап активно работеше на идентификување на приоритетните области, дефинирање на стратешките и специфичните цели, осмислување на стратегиите и изработување на акцискиот план за унапрдување на правата на децата и акцискиот план за поддршка на децата на улица. Работилницата, како и процесот на подготовка на документот кој следуваше беше воден од надворешен консултант –специјалист за стратешко планирање. Во овој документ кој е резултат на процесот на стратешко планирање се земени предвид и мислењата на група средношколци кои учествуваа и дадоа предлози на две работилници кои беа оганизирани на 9-ти и 10-ти ноември. Текстот на Стратегијата пред да биде поднесен до Градот Скопје во нацрт форма беше доставен и за коментари од страна на работната група. Стратегијата и акциските планови може да ги погледнете тука.

## 4. ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ДЕТСКА АМБАСАДА МЕЃАШИ

Во текот на април и мај Првата детска амбасада МЕЃАШИ ја одбележа триесет годишнината од своето постоење, со низа активности. Еве само дел од нив:

- 28 април. Во ресторан „RAGUSA 360, Rooftop" одржавме Гала донаторската аукција по повод 30-годишнината од формирањето на „Меѓаши" насловена „Да ги вратиме детските насмевки во мода". Посебно сме среќни што околу 300 наши волонтери, соработници, партнери, драги луѓе, несебично дадоа придонес на Гала донаторската аукција со што помогнаа во работата на новата линија и платформа АлоБушавко. Јубилеите се особено значајни и блиску до срцето кога се одбележуваат со луѓе кои го поддржуваат досега постигнатото и на кои можеш да се потпреш за идните постигнувања! На Гала донаторската аукција успеавме да обезбедиме 316.436 денари вклучително со средствата од активноста на еКрауд платформата „Да ја доближиме сеопфатната платформа Ало Бушавко, до што повеќе деца и млади"

- 27. април. Одржавме промоција на книгата „Разрушени меѓи" со акцент на прашањето: зошто се важни бегалските приказни, од авторката Лидија Мехинагиќ која својот автобиографски опус го насочи кон приближување на животот во бегалство, пред и потоа, до читателите, а еден дел од приказната е посветен на Детската амбасада МЕЃАШИ и луѓето кои тоа време беа потпора на страдалниците од војната во БиХ. Целосната промоција може да ја проследите на следниов линк

- 29 април. Во дворот пред Првата детска амбасада во светот „Меѓаши", магионичарот Кристијан Шопов волонтерски направи спектакл за Децата од едукативниот центар за деца на улица со презентација на магија, волшебство и несекојдневни доживувања. Децата беа воодушевени!

- Од печат излезе МОНОГРАФИЈА - 30 ГОДИНИ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ 1992-2022 или на следниов линк

- Исто така од печат излезе и скратена верзија МОНОГРАФИЈА 30 ГОДИНИ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ 1992-2022

- Документарен филм 30 години Детска амбасада МЕЃАШИ (48 мин.)

- Документарен филм 30 години Детска амбасада МЕЃАШИ (кратка верзија 7 мин.)

## 5. ЦИВИКА МОБИЛИТАС – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ, ДОНАЦИИ, ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ, ИСО ...

Во Јуни 2022 година заврши спроведувањето на третата година од грантот ЦИВИКА мобилитас. Средствата од грантот за последните месеци од реализацијата беа главно наменети за неколку позначајни активности на Детската амбасада МЕЃАШИ како што се извештаи и препораки од АлоБушавко линијата и платформа за деца и млади претходно позната како СОС телефон за деца и млади, Генерирање средства од економски и други активности.

### 5.1. Новогодишни честитки

Продажбата на новогодишни честитки за 2022 година ги следеше практиките од претходните години при што немаше значајни промени во начинот на спроведување на активноста и минамални промени во понудат. Компаниите, институциите, организациите како и граѓаните

можеа да одберат од 5те нови новогодишни мотиви или дополнителните 6 лански мотиви по намалена цена во споредба од претходната година. Продажбата во 2022 година во споредба со претходната година не бележи отстапки како во бројот на честитки така и во бројот на поддржувачи.

### 5.2. Каси за донации

Активностите во делот на донации од граѓани односно дистрибуција и промена на каси во 2022 година забележа раст во однос на 2021 година. Во текот на оваа година поставени беа повеќе нови кутии за донации во Тинекс маркетите.

### 5.3. Организациска стратегија за одржливост 2022-2024.

Следејќи ги целите на стратегијата за оддржливот во 2022 година беа спроведени:

1. Гала донаторската аукција „Да ги вратиме детските насмевки во мода“ по повод годишнината на Првата детска амбасада во светот Меѓаши - преку аукцијата се обезбедија средства за работата на АлоБушавко линијата и платформа за помош и поддршка за деца и млади
2. Активноста на еКрауд платформата „Заедно да помогнеме на децата кои живеат во сиромаштија!“ за која граѓаните донираа 62.600денари и беше надополнета со донација од Комисијата за хартии од вредност како и од акцијата на малдоженците Деспина и Синиша кои им предложија на гостите на нивната свадба место цвеќе да донираат училишен прибор. ЕЛС - Еко логистик  дополнително се приклучи на оваа хумана акција со бесплатна достава на пакетите до домовите на семејствата.
3. Активноста на еКрауд платформата „Да ја доближиме сеопфатната платформа Ало Бушавко, до што повеќе деца и млади“ имаше за цел да обезбеди средства за работата на АлоБушавко линијата за деца и млади при Меѓаши. Преку оваа активност граѓаните дониараа 155.450денари со што овозможија работа на линијата до крајот на 2022 година.
4. Активноста „Донирај пакетче“ беше последна активност за 2022 година реализирана преку еКрауд платформата преку која успеавме да обезбедиме донација во износ од 27.750денари. Обезбедените средства беа наменете за набавка на пакетчиња, вкупно 67 додека дополнително мајката на Фрида донирајки 15 пакетчиња како и дополнителни 20тина пакетчиња од други донатори помогнаа да стигнеме до бројка од стотина пакетчиња и стотина радосни дечиња за Новата година.

### 5.5. Е-комерц Bushavko.mk

Првата детска амбасада во светот Меѓаши до 2022 година како единствена економска активност во работењето ја имаше продажбата на новогодишни честитки. Отварањето на Е-комерц продавницата https://www.bushavko.mk/ најпрво беше како идеја само да се обезбеди можност за активирање на копче за донации од нашите веб страни http://childrensembassy.org.mk/ и https://alobushavko.mk/mk/. За жал електронските донации во нашата држава преку копчиња за донации сè уште не се добро регулирани и во суштина не се третираат како донации туку како продажба, поради што мораше да ја исклучиме можноста за донации и страната да ја намениме за е-комерц, место каде покрај новогодишните честитки ќе продаваме и други производи со цел обезбедување средства за активностите и работата на Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

### 5.6. Нова веб страна на Првата детска амбасада во светот Меѓаши

Благодарение на несебичната поддршка од Некстсенс, Првата детска амбасада во светот Меѓаши во 2023 година ќе ја добие новата модерна веб-страна која ќе ги следи сите стандарди за квалитет. Некстсенс по третпат ја изработува веб-страната на Првата детска амбасада во светот Меѓаши со што дава голема поддршка во нашето доближување до јавноста и претставување како и презентација на сите наши активности на современ начин.

## 6. ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Првата детска амбасада на светот МЕЃАШИ како партнерска организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) учествуваше во спроведувањето на активности за поддршка на општините за воспоставување социјални услуги. Цел на проектот е да придонесе кон ублажување на сиромаштијата преку поддршка на локално ниво во областа на социјалните услуги и зајакнување на системот за обезбедување јавни услуги од областа на социјалната заштита.

Целна група се општините во Македонија а директни корисници граѓаните од 65 општини опфатени со проектот. Очекувани резултати се зајакнати капацитети на општините и потенцијалните даватели на услуги кои ќе изразат интерес за добивање грант за развој на социјални услуги за постојните приматели на социјална помош и други ранливи групи во нивните општини. Од страна на Министерството за труд и социјална политика беа грантирани социјални услуги во над 30 општини преку соодветни провајдери, со цел да се подобрат социјалните услуги на локално ниво и да се доближат до граѓаните. Преку овој проект се обезбедува: помош и нега во домот, дневен престој за деца со попреченост, дневен престој за лица со попреченост со индивидуален третман, услуга за рехабилитација и реинтеграција, услуги на советување, дневен престој за стари лица за активно стареење и лична асистенција. 👉
https://www.ssip.mk/komponenta-1/

Периодот на спроведување на проектот е од 1 јануари 2020 г. до 30 јуни 2023 г.

## 7. ПРОЕКТ „МОЖЕБИ СМЕ РАЗЛИЧНИ, НО СИТЕ СМЕ ТАЛЕНТИРАНИ“

Поттикнати од случај на девојче со Даунов синдром кое беше етикетирано од родителите на соучениците од едно основно училиште во Гостивар, но и досегашното искуство со лицата со попреченост, почнувајќи од етикетите кои им ги лепи општеството, во периодот април – август 2022 година, ПДАС Меѓаши го реализираше проектот „Можеби сме различни, но сите имаме талент (кампања за подигнување на свеста)“, финансиран од Институтот за комуникациски студии (во рамки на проектот REPORTING DIVERSITY NETWORK 2.0), финансиски поддржан од ЕУ.

Целта на проектот беше подигнување на свесноста за можностите на децата со попреченост, односно преку активностите и кампањата што ја спроведовме, сакавме да ја промовираме перцепцијата на децата и луѓето со атипичен развој како талентирани личности и да преминеме од перципирањето на нивната „попреченост“ кон перцепција на нивните квалитети и способности како личности, независно

од типичноста на нивниот развој.

За таа цел, првите месеци ги искористивме за истражување/откривање и фокусирање на децата со попреченост во нашето општество. На самиот почеток волонтерите кои беа и учесници и реализатори на овој проект поминаа обука од наша долгогодишна соработничка - специјален едукатор и рехабилитатор, со цел да се здобијат со дополнителни знаења и информации за одредените попречености. Во рамки на проектот, вклучивме уште една надворешна соработничка, новинарка и во исто време мајка на девојка со Даунов синдром,  која изработи прирачник за водење интервју со лицата со попреченост, на кој начин да се разговара и на кои моменти да се обрне внимание, што дополнително им помогна на волонтерите во реализација на активностите.

Дел од кампањата за подигнување на свеста, беа и снимање и продукција видеа за пет различни ликови – девојки и момчиња со попреченост. Ова беше исклучителен предизвик за нас, откривме нови локации и организации, осознавме нови техники и начини на работа со децата  и имавме голема чест да ја слушнеме нивната приказна од „прва рака“. Беа снимени пет посебни видеа во кои беа претставени животот, талентите и размислувањата на Мелани, Осман, Илина, Ружица и Ренато.  На 31 август 2022 година на конференцијата за медиуми на кои беа презентирани сите резултати и беа доделени благодарници на сите учесници во кампањата беше промовирано и кусо збирно видео за сите наши херои.

Со почеток на месец јуни до крајот на август, на социјалните мрежи на ПДАС Меѓаши вклучително и на Алобушавко (Фејсбук и Инстаграм), спроведовме кампања за подигнување на свесноста за децата со попречност преку секојдневни објави со различна содржина (детски права, едукациски и искуствени текстови, квизови, видеа). Во рамки на кампањата, вклучивме и голем број на други деца кои не беа опфатени со видео записи, чии информации ги добивме од други организации кои работат во интерес на децата со попреченост.

Како финален производ што го заокружува нашето петмесечно патување, изработивме електронска публикација во која на едно место ги споделивме главните сознанија и искуства со кои се стекнавме во текот на петмесечното патување. Веруваме дека приказните на овие девојчиња и момчиња ќе допрат до срцата на сите што ќе ја видат оваа публикација.

Презентација на резултатите од кампањата „Можеби сме различни, но сите сме талентирани“.

## 8. УЧЕСТВА, ЈАВНИ ДИСКУСИИ, ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ

Во 2022. Амбасадата продолжи да ја остварува својата дејност спроведувајќи мониторинг на детските права и промоција на правата на детето застапувајќи ги потребите и интересите на децата пред институциите и пошироката јавност, како и активности за институционализација на мировното образование во воспитно образовниот систем на Македонија.

Како учесници во подготовката на Стратегијата за заштита на децата од насилство и злоупотреба 2020-2024 изработена од Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување, формирано со одлука од Владата а координирано од Министерството за труд и социјална политика, спроведуваме активности во насока на исполнување на стратешките цели на стратегијата.

На иницијатива на Детската амбасада МЕЃАШИ беа подготвени два алтернативни извештаи (еден од деца и еден од граѓански организации членки на Македонската коалиција за правата на детето) испратени од Комитетот за правата на детето при ООН (КПД), за што информиравме во претходните годишни извештаи. Во септември 2022 КПД ги достави своите заклучни согледувања и препораки до Владата (Committee on the Rights of the Child Concluding observations on the combined third to sixth periodic reports of North Macedonia), каде што е евидентно дека најголем број од истите се однесуваат на барањата и анализите добиени од двата алтернативни извештаи доставени од Меѓаши. Овие согледувања и препораки од КПД до Владата се надеваме дека ќе овозможат во следните 5 години да се реализираат нашите барања или барем поголем дел од нив.

## ЈАВНИ ДИСКУСИИ

Во јануари 2022 год. одржавме **Јавна дискусија** на тема **НАЈДОБАР ИНТЕРЕС ЗА ДЕЦАТА ЗА И ПРОТИВ НОСЕЊЕ МАСКИ И ТЕСТИРАЊА ВО УЧИЛИШТАТА**

Како што се ближеше почетокот на второто полугодие, сè поголема беше и неизвесноста како ќе продолжи учебната година? Пандемијата од Ковид-19 донесе многу промени во начинот на живеење на сите, вклучувајќи ги и децата. Веќе две години живеевме на посебен начин со други правила, други регулативи, но колку и дали се тие правилни или не, какво влијание имаат особено кај децата? Јавноста најчесто беше поларизирана околу прашањата поврзани со Ковид мерките, простор за дијалог речиси немаше и лесно се заборавaше дека барем околу децата би требало повеќе да се слушаат различни ставови за да наоѓаме издржани заеднички решенија.

Поради овие и други важни прашања поврзани со децата Првата детска амбасада во светот Меѓаши организираше јавна дискусија на тема: НАЈДОБАР ИНТЕРЕС ЗА ДЕЦАТА- ЗА И ПРОТИВ НОСЕЊЕ МАСКИ И ТЕСТИРАЊА ВО УЧИЛИШТАТА.

Истата можеше да се следи и live streaming на ФБ-страната на Детската амбасада МЕЃАШИ така што поставените прашања се проследуваа до учесниците, пред се докторите. Модераторка на јавната дискусија беше Катерина Златановска Попова – членка на Собранието на Детската амбасада МЕЃАШИ, а панелисти:

*д-р Мими Кимовска Христов – специјалист по педијатрија при Детската клиника во Скопје*
*д-р Злате Мехмедовиќ – специјалист по медицина на трудот при Здравствен дом Скопје*
*д-р Бесник Зеќири – директор на Институтот за белодробни заболувања кај децата „Козле“*
*проф. д-р Никола Пановски – професор на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“*
*Ана Попризова – училишен психолог и претседателка на Активот на стручни соработници на средните училишта на Град Скопје и*
*м-р Драги Змијанац – претседател и кооснивач на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ.*

Сите панелисти се согласија дека е неопходно да се размисли дали започнувањето на наставата со физичко присуство е најсоодветниот начин на продолжување на наставата или е подобро да се започне барем две седмици подоцна или онлајн. Врз основа на заклучоците, особено едногласноста на панелистите за проблематичноста на одлуката за започнување на наставата со физичко присуство од 1-ви февруари, Меѓаши упати барање до Владата и до Комисијата за заразни болести оваа одлука да

се преиспита во насока на започнување на полугодието со онлајн настава барем во текот на првите две седмици од февруари или дополнително одложување на почетокот.

## ЈАВНА ДИСКУСИЈА ПОСВЕТЕНА НА ПРОБЛЕМОТ НА ОТУЃУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ОД РОДИТЕЛИТЕ

„Отуѓување на децата од родителите – како да се спречи?" беше темата на јавната дискусија во организација на Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ и Здружението на граѓани Центар за рамноправно родителство – Децата пред сè, што се одржа по повод Меѓународниот ден на отуѓување на родителите - 25 Април а беше посветена на психолошките последици од отуѓувањето на децата од родителите и потребата од законска регулатива за спречување и борба против користењето на децата како оружје во бракоразводните парници и по разводите.

Јавната дебата посочи на синдромот на отуѓување на децата од родителите како најчесто застапен проблем со кој се соочуваат децата при бракоразводните постапки и можните начини како да се спречи истото. Модераторка на јавната дискусија беше Јорданка Черепналкова Трајкоска – раководителка на проекти при Детската амбасада МЕЃАШИ, а панелисти беа:

*Наум Рибароски – претседател на здружението „Децата пред сè"*
*Јован Андоновски - Заменик Народен правобранител*
*м-р Драги Змијанац, претседател и кооснован на Првата детска амбасада во светот Меѓаши*
*Клементина Добревска операторка на АлоБушавко/ СОС линија за деца и млади 070 390 632*
*Дора Попова-Узуновски, гешталт психолог и магистер на Психолошки науки во областа на клиничката и советодавната психологија, основачка на Центарот за применета психологија „Дора"*

Сите панелисти се согласија дека родителското отуѓување или отуѓувањето на детето од страна на еден од родителите за време на разводот, претставува насилство врз децата и се препознава како форма на психолошка злоупотреба на детето, со големо влијание врз емоционалниот и менталниот развој. Последниве години, како што сè повеќе се зголемува бројот на разводи во споредба со минатото, така се зголемува и бројот на случаи на отуѓување на децата од родителот/ите, така што слободно може да се каже дека се работи за илјадници деца жртви на родителско отуѓување. Донесувањето законски измени во оваа насока ќе придонесе кон поголема заштита на децата во случаи кога детето е подложено на психолошка/емоционална злоупотреба од страна на родителот на кого му е доверено, со намера да се отуѓи од другиот родител.

Јавната дискусија беше отворена за јавноста и медиумите, а можеше да се проследи live streaming на ФБ-страницата на Детската амбасада МЕЃАШИ

## ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКАТА ИНИЦИЈАТИВА ПРОТИВ АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО И ОСУДА НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕЦАТА ВО КОЧАНИ.

Во март 2022 бевме информирани дека Општина Кочани изнела неколку стотини деца од општинските училишта на пошумување. Во активностите при пошумувањето на децата им биле делени маички со лого на фабриката „Пејпер Мил", познат како најголем загадувач во источна Македонија. Вклучувањето деца од страна на раководствата на училиштата и општината Кочани, во услови на силен граѓански отпор, протести и негодувања на граѓаните кон најголемиот загадувач во општината

не само што е злоупотреба на децата туку и манипулација на јавното мислење. Активистите за заштита на животната средина кои бараа почист град и воздух во Кочани протестираа пред фабриката за хартија „Пејпер Мил“ и се сомневаа дека истата три пати повеќе загадува од дозволеното. Воедно бараат Општината да постави мерна станица кај фабриката. Потсетивме и дека децата како рамноправни граѓани треба да бидат информирани што се случува во нивното опкружување, особено кога се работи за нивното здравје. Возрасните се должни да ги информираат за состојбите особено оние кои се од нивен интерес. Децата имаат право да знаат што се случува со животната средина , да учествуваат во процесите на одлучување, да се слушне нивното мислење и почитува.

Користењето деца за остварување нечии цели, економски или политички, претставува кршење на слободите и правата на детето согласно Конвенцијата за правата на детето и други меѓународни и домашни конвенции и закони. Децата треба да бидат информирани што и како работи Пејпер Мил, како нивната досегашна работа и во иднина ќе се одрази врз нивното здравје, но и за протестите против загадувањето за кое се обвинети и што тие преземаат во врска со својата отчетност. Повеќе информации може да добиете на следниов линк и тука.

## 9. ДЕТСКА НЕДЕЛА

Секоја година, првата седмица од месец октомври им се посветува на децата под мотото Детска недела, а првиот ден од Детската недела е Универзалниот Ден на детето. Детската амбасада секоја



година организира активности со цел да се одбележи Детската недела. Како организација чија главна мисија се правата и заштитата на децата, оваа година имавме активности на повеќе полиња. Во октомври Детската амбасада Меѓаши ја посетија и посетивме над 600 деца од повеќе основни училишта и претшколски установи. За нив одржавме едукативно забавни работилници на кои разговаравме за AloBushavko / СОС линија за деца и млади 070390632, детските права и што тие значат, Мирот како вредност и неговата важност...Оваа година особено интересна за децата беше сложувалката „Поттикни МИР“.

## 10. РЕАКЦИИ, ДЕБАТИ, СООПШТЕНИЈА, ОБРАЌАЊА, ГОСТУВАЊА, ИНТЕРВЈУА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Канал 5 | интервју | 20 јануари 2022 | Ало БушавкоСОС телефон за деца и млади 070390632 при Првата детска амбасада во светот Меѓаши | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51831967998/in/datetaken-public/ |
| Лидер | Интервју | 22.1.2022 | Пандемијата предизвика значително зголемување на прекршување на правата на децата на возраст од 7 до 15 години! | Линк |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Слободан Европа | изјава | 21 јануари | „Ало Бушавко, ми треба помош!“ | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51833765221/in/datetaken-public/ |
| Слободен печат | изјава | 21 јануари | Змијанац: Фотографије из „Јавне собе“ могле би да доведу до самоубиства девојчица | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51835389775/in/datetaken-public/ |
| МТВ | интервју | 26 јануари | Питачат на раскрсниците и мечтаат за подобро утре | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51845064933/in/datetaken-public/ |
| Сител | прилог | 27 јануари | Треба ли децата да носат маски во учлилница_ | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51846784548/in/datetaken-public/ |
| Слободен печат | напис | 27 јануари | Да се преиспита одлуката второто полугодие да започне со физичко присуство на први февруари | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51847365655/in/datetaken-public/ |
| тв21 | напис | 27 јануари | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51845777562/in/datetaken-public/ | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51845777562/in/datetaken-public/ |
| Вечер | напис | 30 јануари | Почнува второ полугодие – со по 500 заболени дневно се учеше онлајн, со по 2.000 заболени учениците се враќаат во клупите! | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51852730445/in/datetaken-public/ |
| тв 21 | прилог | 29 јануари | - Rritet numri i fëmijëve të infektuar Të martën nisin në shkollë do të duhet të mbajnë maska | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51850661401/in/datetaken-public/ |
| зоом | дебата | 28 јануари | ЈАВНА ДИСКУСИЈА НАЈДОБАР ИНТЕРЕС ЗА ДЕЦАТА ЗА И ПРОТИВ НОСЕЊЕ МАСКИ И ТЕСТИРАЊА ВО УЧИЛИШТАТА | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51847705823/in/datetaken-public/ |
| ТВ 21 | телевизиски програм | 01.02.2022 | Почна второто полугодие се најавува скрининг, не се знае колку ученици и наставници се позитивни | Почна второто полугодие се најавува скрининг, не се знае колку ученици и наставници се позитивни |
| УКЛО ФМ 90,8 | Битола Универзитетско радио | 05.02.2022 | Слушнете неее, Ноела, детска емисија, УКЛО ФМ со Драги Змијанац, Прва детска амбасада Меѓаши | Слушнете неее, Ноела, детска емисија, УКЛО ФМ со Драги Змијанац, Прва детска амбасада Меѓаши |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| УКЛО ФМ 90,8 | Битола Универзитетско радио | 06.02.2022 | Детска емисија, Слушнете неее, УКЛО ФМ, со Драги Змијанац, Првата детска амбасада во светот Мeѓаши | [Детска емисија, Слушнете неее, УКЛО ФМ, со Драги Змијанац, Првата детска амбасада во светот Меѓаши] |
| Алсат М | телевизиски програм | 08.02.2022 | Pasdite me Alsat M - Ku mësojnë fëmijët të ngacmojnë? Fatmire Ajdarin nga Ambasada e parë e fëmijëve/ Попладне со Алсат М- Каде учат децата да задеваат? Фатмире Ајдари од Прва детска амбасада | [Pasdite me Alsat M - Ku mësojnë fëmijët të ngacmojnë? Fatmire Ajdarin nga Ambasada e parë e fëmijëve] |
| УКЛО ФМ 90,8 | Битола Универзитетско радио | 15.02.2022 | Ало Бушавко промоција, Детска амбасада Меѓаши и Слушнете неее! со Ноела на УКЛО ФМ aH4ol | [Ало Бушавко промоција, Детска амбасада Меѓаши и Слушнете неее! со Ноела на УКЛО ФМ aH4ol] |
| Приказна | Телевизиски програм | 15.02.2022 | Загадувањето на воздухот предизвикува сериозни последици по здравјето на децата | [Загадувањето на воздухот предизвикува сериозни последици по здравјето на децата] |
| Слободен печат | напис | 17 февруари | Во „Меѓаши" летоска стигнувале невообичаено голем број пријави за грабнување деца | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51888257234/in/datetaken-public/ |
| ЗООМ | интернет платформа | 17.02.2022 | Промоција на Ало Бушавко новата платформа и Годишен извештај на телефонот за деца и млади | [Промоција на Ало Бушавко новата платформа и Годишен извештај на телефонот за деца и млади] |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Утрински брифинг | радиодифузија и медиумска продукција | 18.02.2022 | Зачестени случаи на грабнување деца во бракоразводна потапка или по развод | https://youtu.be/KMMcxCbIwVQ |
| МИА | напис | 20 февруари | Во „Меѓаши" лани 329 повици за прекршување на правата на детето | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51891549947/in/datetaken-public/ |
| Тв Сител | телевизиски програм | 18.02.2022 | Zmijanac: The sex camp for scouts is child abuse and must not pass without responsibility | VIDEO \| Zmijanac: The sex camp for scouts is child abuse and must not pass without responsibility |
| TXT REporter | напис | 18.02.2022 | Last year, "Megjashi" in Macedonia registered 329 calls for the violation of children's rights | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51890258205/in/datetaken-public/ |
| Телеграф | напис | 18.02.2022 | Megjashi requests free testing required by the MES in Macedonian schools | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51889683026/in/datetaken-public/ |
| Центар за истражувачко новинарско СКУП | изјава | 01.03.2022 | Децата со маски во школо, возрасните без маски во кафани | Децата со маски во школо, возрасните без маски во кафани |
| Центар за истражувачко новинарско СКУП | изјава | 01.03.2022 | Children with face masks at school,adults without face masks in cafesor | Children with face masks at school,adults without face masks in cafesor |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Центар за истражувачко новинарско СКУП | изјава | 02.03.2022 | Fëmijët me maska në shkollë, të rriturit pa maska në kafen | Fëmijët me maska në shkollë, të rriturit pa maska në kafen |
| Алфа телевизија | телевизиски програм | 02.03.2022 | Нема трага од малиот Петар – дали институциите затаиле | Нема трага од малиот Петар – дали институциите затаиле |
| Приказна МТВ | прилог | 3.3.2022 | Загадувањето е причина за прерана смрт | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51915246961/in/datetaken-public/ |
| Нова Македонија | напис | 4.03.2022 | Лов на интернет-предатори во Европа и во Македонија | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51917813548/in/datetaken-public/ |
| Дума | напис | 6.03.2022 | Деца на „Тик Ток“ исмеваат соученици и наставници, поттикнуваат врсничко насилство и физички пресметки | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51921934246/in/datetaken-public/ |
| ECrowd | акција | 8.3.2022 | Заедно да помогнеме на децата кои живеат во сиромаштија ! | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51926305021/in/datetaken-public/ |
| ТВ Кочани | напис | 23.032022 | МЕЃАШИ: Општина Кочани неодговорно вклучува деца во пошумување при услови на опасно аерозагадување | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51957073829/in/datetaken-public/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ТВ 8 Кочани | изјава | 25.03.2022 | ДЕТСКАТА АМБАСАДА „МЕЃАШИ“ ДАВА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКАТА ИНИЦИЈАТИВА ПРОТИВ АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО И ЈА ОСУДУВА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕЦАТА ВО КОЧАНИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ ВО КОЧАНИ | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51959779417/in/datetaken-public/ |
| ТВ Кочани | изјава | 25.032022 | Змијанац обвини за злоупотреба на деца за промовирање субјекти кои ја загадуваат животната средина | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51959899937/in/datetaken-public/ |
| Алфа телевизија | телевизиски програм | 25.03.2022 | 30 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ-МАКЕДОНИЈА Интервју Драги Змијанац | 30 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ-МАКЕДОНИЈА Интервју Драги Змијанац |
| youtube | Меѓаши | 25.03.2022 | Се поголем број деца се предмет на родителско отуѓување | Се поголем број деца се предмет на родителско отуѓување. |
| Мајка и дете | напис | 25.3.2022 | Само 10 отсто од разведените партнери успеваат да се договорат за грижата околу децата | https://www.flickr.com/photos/childrens_embassy/51960849385/in/datetaken-public/ |
| ТВ Кочани | изјава | 25.03.2022 | Додека кочанските активисти се борат против „Пејпер мил“, ученици пошумуваа | Додека кочанските активисти се борат против „Пејпер мил“, ученици пошумуваа |
| Канал 8 | телевизиски програм | 25.03.2022 | МЕЃАШИ СО ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА ПРОТИВ АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО И ОСУДА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕЦАТА | МЕЃАШИ СО ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА ПРОТИВ АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО И ОСУДА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕЦАТА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тв Сител | телевизиски програм | 25.03.2022 | Змијанац обвини за злоупотреба на деца за промовирање субјекти кои ја загадуваат животната средина | Змијанац обвини за злоупотреба на деца  за промовирање субјекти кои ја загадуваат животната средина |
| Мајка и дете | напис | 25.03.2022 | Само 10 отсто од разведените партнери успеваат да се договорат за грижата околу децата | Само 10 отсто од разведените партнери успеваат да се догов… \| Flickr |
| Сител | прилог | 25.03.2022 | Децата пред сѐ, порака за родители кои се разведуваат | Децата пред сѐ, порака за родители кои се разведуваат \| Flickr |
| Телма Тв | телевизиски програм | 26.03.2022 | Кој дозволи децата од Кочани да пошумуваат со маици на „Пејпер мил“? | Кој дозволи децата од Кочани да пошумуваат со маици на „Пејпер мил“? |
| Тв Сител | телевизиски програм | 27.03.2022 | Децата пред сѐ, порака за родители кои се разведуваат | Децата пред сѐ, порака за родители кои се разведуваат |
| Мој збор | интервју | 28.03.222 | Черепналкова-Трајкоска: Демократско општество значи општество во кое секој ги ужива своите права и истовремено ги почитува и правата на другиот | Черепналкова-Трајкоска: Демократско општество значи општес… \| Flickr |
| само прашај | институт за комуникациски студии | 11.04.2022 | Јорданка Трајковска Цртежите откриваат страшни искуства | Јорданка Трајковска Цртежите откриваат страшни искуства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Само прашај | напис | 11.04.2022 | Насилни „дисциплински мерки“ сѐ уште присутни во македонските градинки | Насилни „дисциплински мерки“ сѐ уште присутни во македонск… \| Flickr |
| МРТ 1 | телевизиски програм | 12.04.2022 | 30 ГОДИНИ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ 1992-2022 - 30 ГОДИНИ ПОПРАВЕДЕН СВЕТ ЗА ДЕЦАТА | 30 ГОДИНИ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ 1992-2022 - 30 ГОДИНИ ПОПРАВЕДЕН СВЕТ ЗА ДЕЦАТА |
| Лидер | напис | 18.4.2022 | Меѓаши за Лидер: Тешко е да се најде соодветно време кое не би го попречило наставниот процес а штрајкот да биде сериозно сфатен! | Меѓаши за Лидер: Тешко е да се најде соодветно време кое н… \| Flickr |
| Телма | телевизиски програм | 26.04.2022 | 30 години постоење на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши 1992-2022 | 30 години постоење на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши 1992-2022 |
| Тв Алфа | телевизиски програм | 28.04.2022 | 30 - ти роденден на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ 1992-2022 | 30 - ти роденден на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ 1992-2022 |
| Слободен печат | интервју | Apr 30, 2022 | Првата детска амбасада одбележа 30 годишен јубилеј | (19) Првата детска амбасада одбележа 30 годишен јубилеј - YouTube |
| Клан Македонија | изјави | 30 април 2022 | 30 VITE “MEGJASHI”: T`I KTHEJMË NË MODË BUZËQESHJET E FËMIJËVE | (19) 30 VITE “MEGJASHI”: T`I KTHEJMË NË MODË BUZËQESHJET E FËMIJËVE - YouTube |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Меат.мк | напис | 9.05.2022 | **За шест години, 412 деца се оттуѓени од родителот со кој не живеат** | За шест години, 412 деца се оттуѓени од родителот со кој н… \| Flickr |
| Клан Македонија | изјави | 13 мај 2022 | 30 vite Megjashi, Organizata e parë për të drejtat e fëmijëve në Botë | (19) 30 vite Megjashi, Organizata e parë për të drejtat e fëmijëve në Botë - YouTube |
| Македонска телевизија | интервју | 16 мај | 17 МАЈ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА СОС ЛИНИИТЕ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА | (19) 17 МАЈ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА СОС ЛИНИИТЕ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА - YouTube |
| TV Shenja | интервју | 2 јуни | 1 Јуни- Меѓународен ден на децата, 1 Qershori - Dita ndërkombëtare e fëmijëve | (19) 1 Јуни- Меѓународен ден на децата, 1 Qershori - Dita ndërkombëtare e fëmijëve - YouTube |
| Алсат М | изјава | 16 јуни | Ditë e Re - Mobingu prezent në shkollat e RM | (19) Ditë e Re - Mobingu prezent në shkollat e RM - YouTube |
| ФБ | реакција | 1.9.2022 | Во солидарност со 11 годишното девојче од Косово жртва на силување | https://www.facebook.com/profile/100064694078470/search/?q=%D0%BA%D0%BE%D1%81%D0%BE%D0%B2%D0%BE |
| МКД | напис | 5.09.2022 | **ВОЗРАСНИТЕ ДА РАЗГОВАРААТ СО ДЕЦА „Меѓаши“: Училишните психолози станаа административци, треба да се води грижа и за емоциите, не само за оценките** | ВОЗРАСНИТЕ ДА РАЗГОВАРААТ СО ДЕЦА „Меѓаши“: Училишните пси… \| Flickr |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МКД | реакција | 5.9.2022. | Случајот со средношколецот од гимназијата СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин" кој ден пред почетокот на новата учебна година си го одзеде животот, полека ќе стивне. Нема да стивнат тагата, болката, прашањата зошто и што можеше да се направи. | Линк |
| ТВ Шења | изјави | 20 септември | AMBASADA E PARË E FËMIJËVE NË BOTË MEGJASHI - Jo luftës, të ndërtohet kultura e paqes | (19) AMBASADA E PARË E FËMIJËVE NË BOTË MEGJASHI - Jo luftës, të ndërtohet kultura e paqes - YouTube |
| МТВ | изјави | 21 септември | По деветти пат велешките гимназијалци ја одржаа „Парадата на мирот“ | (19) По деветти пат велешките гимназијалци ја одржаа „Парадата на мирот“ - YouTube |
| ТВ Глоби | изјави | 21 септември | Nxënësit e shkollave të mesme të Gostivarit dërguan mesazhe për paqe dhe tolerancë. | (19) Nxënësit e shkollave të mesme të Gostivarit dërguan mesazhe për paqe dhe tolerancë. - YouTube |
| Клан Македонија | изјави | 21 септемвр | 21 SHTATORI DITA BOTËRORE E PAQES | (19) 21 SHTATORI DITA BOTËRORE E PAQES - YouTube |
| МТВ | интервју | 22 септември | МЕЃАШИ: ДАЛИ МИРОТ Е САМО ОТСУСТВО НА ВОЈНА И КОЛКУ ПРИДОНЕСУВАМЕ ВО ГРАДЕЊЕТО НА ИСТИОТ | (19) „МЕЃАШИ: ДАЛИ МИРОТ Е САМО ОТСУСТВО НА ВОЈНА И КОЛКУ ПРИДОНЕСУВАМЕ ВО ГРАДЕЊЕТО НА ИСТИОТ - YouTube |
| Клан Македонија | изјава | 22.022022 | **Mbahet festivali i ditës së OJQ-ve me moton _Kthimi i hapësirës qytetare_ _ Emisioni Happy Day (1)** | Mbahet festivali i ditës së OJQ-ve me moton _Kthimi i hapë… \| Flickr |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Канал 8 | изјава | 22 септември | СОУ„Ванчо Прке" Виница ја реализира активност по повод светскиот ден на мирот - „Мировно рандеву" | (19) СОУ„Ванчо Прке" Виница ја реализира активност по повод светскиот ден на мирот - „Мировно рандеву" - YouTube |
| Клан Македонија | изјава | 3 октомври | Mbahet festivali i ditës së OJQ ve me moton Kthimi i hapësirës qytetare Emisioni Happy Day 1 | (19) Mbahet festivali i ditës së OJQ ve me moton Kthimi i hapësirës qytetare Emisioni Happy Day 1 - YouTube |
| МКД | напис | 18.10.2022 | СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦАТА | СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦАТА \| СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА Д… \| Flickr |
| Клан Македонија | интервју | 7 октомври | Java e fëmijëve si ka ndikuar pandemia te më të vegjlit Emisioni Happy Day Klan Macedonia | (19) Java e fëmijëve si ka ndikuar pandemia te më të vegjlit Emisioni Happy Day Klan Macedonia - YouTube |
| МЕЃАШИ | соопштение | 19.10.2022 | 19 НОЕМВРИ СВЕТСКИ ДЕН ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА И МЛАДИ | 19 НОЕМВРИ СВЕТСКИ ДЕН ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦ… \| Flickr |
| Приказна | интервју | 19.02.2022 | Технологијата и социјалните мрежи потреба, но и опасност за психичкото здравје | Технологијата и социјалните мрежи потреба, но и опасност з… \| Flickr |
| Канал 5 | интервју | 21 ноември | Светски ден на детето - Колку се почитуваат правата на детето во Македонија | (19) Светски ден на детето - Колку се почитуваат правата на детето во Македонија - YouTube |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Алсат М | изјава | декември | Илјадници деца во земјава питачат наместо да одат на училиште | (19) Илјадници деца во земјава питачат наместо да одат на училиште - YouTube |
| ТВ АЛФА | интервју | 15 декември | ШТО НЕ Е ЈАСНО? (15.12.2022) ГОСТИН: ДРАГИ ЗМИЈАНАЦ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ МАКЕДОНИЈА | (19) ШТО НЕ Е ЈАСНО? (15.12.2022) ГОСТИН: ДРАГИ ЗМИЈАНАЦ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ МАКЕДОНИЈА - YouTube |
| Клан Македонија | изјава | 30 декември | Pako me dhurata për 100 fëmijë të kategorive sociale nga “Megjashi” Klan Macedonia | (19) Pako me dhurata për 100 fëmijë të kategorive sociale nga “Megjashi” Klan Macedonia - YouTube |